**З А П И С Н И К**

Од 2 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 14.11.2025 година (петок) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски.

Од 15 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 15 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. МИЛЕ ТРАЈКОВСКИ,

**СОВЕТНИЦИ**

2.ТАЊА ДЕЈАНОВСКА-МИТРОВСКА
3.НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
4.АНГЕЛА ПЕШОВСКА
5.ДЕЈАН МИЛЕНКОВСКИ
6.ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
7.АЛЕКСЕЈ НИКОЛОВСКИ
8.БОБИ ДИМИТРОВСКИ
9.ВЛАТКО РИСТОВСКИ
10.СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА-ПЕТКОВСКА
11.АЛЕКСАНДАР РАНГЕЛОВ
12.ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА-СТАНОЈКОВСКА
13.АЛЕКСАНДАР ДАВИДОВСКИ
14. ТАЊА СТАНКОВСКА
15.ДОБРИ ЈОВЕВСКИ

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на Општина Крива Паланка — Сашко Митовски

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот — Даниела Велковска

Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура — Маја Костадиновска

Мартин Николовски

Раководител на Одделение за инспекциски надзор — Бранко Велиновски

Раководител на Одделение за човечки ресурси — Игор Додевски

Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај — Никола Граматиков

Раководител на одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија Сања Цветковска

Раководител на одделение за јавни дејности Даниела Милошевска

Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграци Антонио Давитковски

Раководител на Одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци Емил Денчевски

Советник-овластен сметководител Димитар Петровски

Претседателот на Совет пред почетокот на седницата им честита мандат на советниците им посака успешна и плодна работа со носење на одлуки во интерес на граѓаните и за развој на градот се разбира со дадени предлози,идеи и забелешки од нивна страна.

Председателот со Советот го стави на усвојување записник на 1-та Конститутивна седница на Советот и истиот е усвоен со 15 гласа

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог – Решение за формирање комисија за финансии и локален економски развој;
2. Предлог– Решение за формирање комисија за урбанистичко планирање, уредување на просторот, заштита на животната средина и природата;
3. Предлог – Решение за формирање комисија за комунални работи и сообраќај;
4. Предлог – Решение за формирање комисија за јавни дејности;
5. Предлог – Решение за формирање комисија за статут и прописи;
6. Предлог- Решение за формирање комисија за еднакви можности на жените и мажите;
7. Предлог – Решение за формирање комисија за меѓуопштинска и меѓународна соработка;
8. Предлог-Одлука за давање согласност за субвенционирање на трошоци за добиен сертификат за органско производство издаден од страна на овластено акредитирано тело за 2025 година во Општина Крива Паланка
9. Предлог-Одлука за давање согласност за доделување на наградата Прогласување на најуспешен земјоделец/ка за 2025 година “ во Општина Крива Паланка
10. Предлог -Програма за изменување и пренамена на средства на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година
11. Предлог-Одлука за преостапување на право на трајно користење на движни ствари без надомест – прочистувачи на воздух на СОУ „Ѓорче Петров“, ООУ „Свети Јоаким Крчовски“, ООУ „Илинден“ и ОЈУДГ „Детелинка
12. Предлог-Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка
13. Предлог-Одлука за предавање на новоизградениот објект- „Изместување на дел од главен лев фекален колектор во Крива Паланка“ на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка
14. Предлог-Одлука за предавање на Урбана опрема од монтажно- демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934, КП 2947/2 и КП 2949“, -фаза 1.1
15. Предлог-Одлука за давање на согласност за продажба на недвижен имот-објект сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање
16. Предлог-Одлука за давање на согласност за продажба на недвижен имот-објект сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање (втора објава )
17. Предлог-Одлука за усвојување на финансиски извештај за работа на ЈП Комуналец Крива Паланка за II–от квартал за периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година

18. Предлог- Развојна Пограма РАА за активности во програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за периодот 2026-2029 година
19. Предлог- Развојна Пограма ЈМА за времено уредување на јавни површини, улици и патеки со бехатон плочи 2026-2029
20. Предлог- Развојна Пограма ЈГА за Изградба и реконструкција на водоводна мрежа 2026-2029
21. Предлог- Развојна Пограма ЈЛБ за Изградба и регулација на долови и речни корита 2026-2029
22. Предлог- Развојна Пограма ЈИА за Изградба и реконструкција на канализациона мрежа 2026-2029
23. Предлог- Развојна Пограма ЈДГ за Изградба,реконструкција и рехабилитација на локална патна мрежа 2026-2029
24. Предлог- Развојна Пограма ЛАБ за обезбедување на проектно-техничка документација и поставување на урбана опрема- спортско рекреативни игралишта и детски катчиња 2026-2029
25. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка (пазар)
26. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за комунални услуги во ЈП Комуналец Крива Паланка
27. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за градските гробишта во ЈП Комуналец Крива Паланка
28. Предлог Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за користење на спортските објекти
29. Предлог-Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 од ДУП дел 1 УБ11 – Крива Паланка (одлука бр. 07-3594/15 од 30.12.2013 год.) со АУП за Г2-Лесна и незагадувачка индустрија ГП 1.1 КП3774,3775,3777,3778,3779,3781, Крива Паланка, (одлука бр.07-3594/15 од 30.12.2013), Општина Крива Паланка
30. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1184 и дел од к.п.бр.1188 во КО Узем, Општина Крива Паланка
31. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.2401 во КО Кркља, Општина Крива Паланка
32. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усоглacу вање на намените за к.п.бр.2246 и 2247/1 во КО Узем, Општина Крива Паланка
33. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените к.п.бр.1156/2 и дел од к.п.бр.1154 во КО Узем, Општина Крива Паланка
34. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.724 и дел од к.п.бр.725 во КО Кркља, Општина Крива Паланка
35. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1480 во КО Узем, Општина Крива Паланка
36. Предлог – Решение за формирање комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка

37.Предлог-Одлука за измена на распоредот на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година

38.Предлог-Одлука за распределба на средства од блок дотација за 2026 година

39.Предлог-Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор и Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец''ц.о Крива Паланка
40.Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец''ц.о Крива Паланка
41. Предлог-Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец''ц.о Крива Паланка

Раководителот Никола Граматиков процедурално се изјасни дека во точка 13 има техничка грешка и даде објаснување по однос на истата.

Советникот Александар Рангелов процедурално од негово име и од име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ име го честита мандатот на советниците и им посака успешна работа исто така се изјасни дека неговата советничка група ќе ги подржи одлуките кои ќе бидат секогаш во интерес на граѓаните а ќе бидат критични кога се прави нешто против интересот на граѓаните и нашата општина.Исто така советникот имаше забелешка според член 5и6 од деловникот за работа на Советот каде советот треба да работи според закон и професионално на почетокот на мандатот на советниците им биле доделени компјутери на кои се бавни често се гасат и со вакава техничка опрема не можеле да ги разгледуваат материјалите за да се подготват на време за работа на совет.Советникот побара во најкраток можен рок да се започне со постапка за набавка на нови исправни и функционални компјутери со цел советот да може да работи професионално.
Советникот процедурално се повика според ченот 36 и членот 64 од деловникот за работа на Советот на Општина Крива Планка и побара точките од дневниот ред што се однесуваат на поскапувања да бидат тргнати од дневен ред и тоа точкат 25,26,27 и 28.
Според член 36 материјалите за секоја точка треба да бидат доставени на време и во целост до советниците да можат да донеста информирана одлука.Во овој случај според советникот нема комплетна анализа нема финансиски извештај нема економска оправданост.Според член 46 советникот има право да укаже на прекршување на деловникот и да бара корекција на начинот на работа и одлучување.

Советничката Тања Д.Митровска исто така од име на советничката група на СДСМ им го честита мандатот и им поска успешна работа во овие 4 години со носење на позитивни одлуки се во интерес на граѓаните на нашата општина.
Советничката во делот за забелешката по однос на компјутерите од страна на колегата советник даде објаснување дека истите биле добиени пред 8 години и се разбира дека капацитетот за работа е ослабен и застарува и не се во динамика како треба да работиме како совет.Оваа забелешка била пренесена и од нивна страна до градоналалникот каде следува период на носење на Буџет каде и тие како советници имаат буџет и во тој дел можат да бидат вградени и да се надеваат за реализација.Според советничката околу повлекување на точките од дневен ред за оваа седница не се согласува бидејќи истите биле пуштени на време за разгледување и според советничката и во иднина ќе се добиваат вакви точки без целосен материјал.Улогата на советникот е да истражува и да бара сам материјали ако нешто не му е јасно а службите се секогаш на располагање по однос на тоа.
Советникот Александар Рангелов не се согласува со ставот на советничката дека како советници треба да одиме по институции и да бараат материјали кои не им биле доставени туку службите кои ги подготвуваат седниците кои треба да ни ги доостават.
Според советничката тоа е работна задача на советниците да побараат материјали и тие да им бидат доставени.Ќе има комисија на која ќе бидат разгледани точките каде ќе има претставници од ЈП за да дадат објаснување.

Предлогот на Александар Рангелов беше ставен на гласање и истиот не беше усвоен со 7 гласа ЗА и 8 против.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред со забелешката на Раководителот Никола Граматиков на 2-та седница на Совет и истиот е усвоен со 8гласа ЗА и 7 воздржани

## РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД

1.Предлог – Решение за формирање комисија за финансии и локален економски развој;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Боби Димитровски - член
2.Даниел Анѓеловски - член
3.Виолета С.Станојковска - член
4.Александар Рангелов – член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за финансии и локален економски развој;**

2.Предлог– Решение за формирање комисија за урбанистичко планирање, уредување на просторот, заштита на животната средина и природата;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот.

1.Даниел Анѓеловски - претседател
2.Ангела Пешевска - член
3.Миле Трајковски - член
4.Слаѓана В.Петковска - член
5.Александар Рангелов - член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за урбанистичко планирање, уредување на просторот, заштита на животната средина и природата**

3.Предлог – Решение за формирање комисија за комунални работи и сообраќај;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Никола Јакимовски -претседател
2.Тања Д.Митровска-член
3.Боби Димитровски -член
4.Александар Давидовски-член
5.Слаѓана В.Петковска -член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за комунални работи и сообраќај;**

4.Предлог – Решение за формирање комисија за јавни дејности;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Боби Димитровски-претседател
2.Дејан Миленковски-член
3.Никола Јакимовски -член
4.Виолета С.Станојковска- член
5.Добри Јовевски -член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за јавни дејности;**

5.Предлог – Решение за формирање комисија за статут и прописи;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Алексеј Николовски-претседател
2.Ангела Пешевска -член
3.Дејан Миленковски -член
4.Тања Станковска -член
5.Александар Давидовски

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за статут и прописи;**

6.Предлог- Решение за формирање комисија за еднакви можности на жените и мажите;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Миле Трајковски-претседател
2.Алексеј Николовски-член
3.Тања Д.Митровска – член
4.Виолета С.Станојковска -член
5.Влатко Ристовски -член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за еднакви можности на жените и мажите;**

7.Предлог – Решение за формирање комисија за меѓуопштинска и меѓународна соработка;

Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која беа избрани следните членови од Советот

1.Дејан Миленковски-претседател
2.Даниел Анѓеловски -член
3.Алексеј Николовски -член
4.Добри Јовевски -член
5.Влатко Ристовски-член

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Решение за формирање комисија за меѓуопштинска и меѓународна соработка;**

Претседателот на Советот даде објаснување дека пред започнувањето на седницата кординаторите на советничките групи пред започнување на сдницата се договориле за одржување на комисија за финансиски прашања и локален економски развој.

Беше дадена пауза за одржување на комисијата

По завршувањето на Комисијата за финансиски прашања прдседателот продолжи со расправа по однос на дневниот ред на седницата на Советот

8.Предлог-Одлука за давање согласност за субвенционирање на трошоци за добиен сертификат за органско производство издаден од страна на овластено акредитирано тело за 2025 година во Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност за субвенционирање на трошоци за добиен сертификат за органско производство издаден од страна на овластено акредитирано тело за 2025 година во Општина Крива Паланка**

9.Предлог-Одлука за давање согласност за доделување на наградата Прогласување на најуспешен земјоделец/ка за 2025 година “ во Општина Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Александар Рангелов од една страна се дава награда за земјоделец/ка а друга страна ги казнуваме земјоделците.Од страна на советот се разгледува зголемување на цените на пазарот без да обезбеди олеснување за домашните производи од страна на производителите.Како може општината иствремено да прогласува најуспешен земјоделец а во исто време да ги казнува и оптоварува со давачки сите останати земјоделци.Ставот на советничката група е да има награда за најуспешен земјоделец /ка но вистинската подршка да има пониски цени за домашните производители посебен третман за локалните земјоделци подршка на терен не само на хартија.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност за доделување на наградата Прогласување на најуспешен земјоделец/ка за 2025 година " во Општина Крива Паланка**

10.Предлог -Програма за изменување и пренамена на средства на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изменување и пренамена на средства на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2025 година**

11.Предлог-Одлука за преостапување на право на трајно користење на движни ствари без надомест – прочистувачи на воздух на СОУ „Ѓорче Петров", ООУ „Свети Јоаким Крчовски", ООУ „Илинден" и ОЈУДГ „Детелинка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за преостапување на право на трајно користење на движни ствари без надомест – прочистувачи на воздух на СОУ „Ѓорче Петров", ООУ „Свети Јоаким Крчовски", ООУ „Илинден" и ОЈУДГ „Детелинка**

12.Предлог-Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка

Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај Никола Граматиков даде објаснување

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Александар Рангелов станува збор за одлука во која општината ги предава новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец" – Крива Паланка како и урбаната опрема на а претпријатието е во многу тешка состојба и како ќе може истото да ги одржува затоа советникот смета дека оваа одлука се донесува без план и финансиска конструкција која може да сноси ризици и последици.
Советникот побара да се достави детална техничка и финансиска анализа дали ЈП може да стопанисува со урбаната опрема да се достави годишен план за одржување да се рагледа можноста опремата да биде ставена под општината се додека ЈП не се консулидира во спротивно не можат да дадат подршка ќе гласаат воздржани.

Градоначалникот смета дека советникот нема непознавање на работата на општина Крива Паланка бидејќи со самата оваа одлука општината го помага работењето на ЈП и самата општина сервисира за тие дадени услуги каде може да се видат активностите во самите програми.

Советникот упати реплика дека е запознаен за програмите кои општината ги донесува а ЈП ги извршува работните задачи и фактурира на општината за да биде исплатено.Според советникот се гледа дека не се помага во ЈП бидејќи вработените земаат по 1 денар плата и истото цело време работи со загуби.Советникот побара детална анализа за да може да се донесе правична одлука.

Според советникот Никола Јакимовски од чиста точка на денвен ред се прави театар во советот не се гледа причината.Исто така ако ЈП има одредени проблеми во моментот тоа не значи дека истото ништо не работи тие вработени не опслужуваат секој ден од некоја област што е во нивна надлежност.Советникот смета дека и за спортските игралишта и терени исто така ќе стопанисува и ќе се грижи за истите.

Советникот Александар Рангелов даде контра реплика на колегата Никола дека тој не само што дискутира исто така даваи предлози што треба да се направи дека тие не се против само имаат забелешка и побараа да се достави подетална анализа од самото ЈП.

Според советникот Никола Јакимовски ЈП има обврски но затоа добива и финансиски средства каде градоначалникот имаше објаснето во неговата дискусија.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани,Советот донесе- **Одлука за предавање на новопоставени спортско-рекреативни и детски игралишта и урбана опрема на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка**

13.Предлог-Одлука за предавање на новоизградениот објект- „Канализациона мрежа за дел од с.Конопница м.в Трнци на ЈП Комуналец-Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани,Советот донесе- **Одлука за предавање на новоизградениот објект- „Канализациона мрежа за дел од с.Конопница м.в Трнци на ЈП Комуналец-Крива Паланка**

14.Предлог-Одлука за предавање на Урбана опрема од монтажно- демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934, КП 2947/2 и КП 2949“, -фаза 1.1

Претседателот на комисија за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за предавање на Урбана опрема од монтажно- демонтажен објект (катна гаража) на уредена јавна површина, кај градски пазар во Општина Крива Паланка кој е предвиден на КП 2935, КП 2934, КП 2947/2 и КП 2949“, -фаза 1.1**

15.Предлог-Одлука за давање на согласност за продажба на недвижен имот-објект сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање

Претседателката на комисија за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија дека имало детална анализа и објаснување од страна на службите како и поставени прашања и дискусии на самата комисија.Точката била усвоена со 3 гласа ЗА и 2 против и предлага на советот да се усвои.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Добри Јовевски финансиската состојба на општината не е баш најдобра и разбирливо е дека се бара начин да се сервисираат овие обврски но да се распродаде ваков имот во центарот на најатрактивна локација.Овој имот е јавен ресурс дел од заедничкиот имот на сите граѓани во продолжение советникот објасни дека се работи за зградата кај е се наоѓа ЕУ и матичната служба на нашата општина.Како советници треба да се чува а не да се отуѓува имотот на граѓаните.Ставот на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ ова не е решение за финансиските долгови на општината и дека оваа точка треба да се повлече и да се преиспитаат можностите за изработка на проекти студија за адаптација и јавна употреба на просторот.Советникот се изкасни дека ќе гласа против продажбата на овој објект дека треба да се верува во младите и потенцијалот да им се помогне бидејќи смета дека многу има оваа заедница.

Советничката Тања Д.Митровска даде објаснување дека ваква одлука била донесена 11 месец 2023 година а сега е 11 месец 2025 година доволно време советниците од ВМРО-ДПМНЕ да даде предлог да даде идеја што да се направи со тој објект.Била донесена одлука но не била извршена продажба затоа не биле понудени соодветни услови кои што биле замислени да се направи една убава зграда каде ќе се задржат младите и ќе им се овозможи да работат а некој да инвестира во самата зграда.Советничката му постави прашање на колегата зошто до сега немало никаква иницијатива и никаков предлог од нивна страна.Точката не може да се повлече по донесување на дневниот ред требало советникот порано да се изјасни.

Според советникот Добри Јовевски може да се искористат сите потенцијали кои ги содржи општината ако имало било каква иницијатива и од нивна страна и ќе била подржана а сега нивниот капацитет стои на располагање за било какви проекти и идеи кои се во интерес на ревитализација на овој објект.

Според советничката не е одговорно опзицијата да дава иницијативи во услови кога друг ја има власта и секако не оправдувам пасивност треба да се борите за граѓание кои биле за вас.

Советникот Добри Јовевски упати контра реплика дека нивната советничка група располага со капацитет и идеи и затоа не треба да биде отуѓен овој имот на општината.

Советникот Никола Јакимовски се изјасни дека и целта на нивната советничка група е да продолжи функционирањето на ЕУ и овие одлуки нема да ја доведат работата на истата каде сите сме задоволни од позитивната работа што таму се одвива посебно на младите на нивната креативност и идеи.Општината нема финансиски средства сама да ја реновира оваа зграда бидејќи се работи за голема сума на средства кои општината не може да си ги дозволи.
Развој на градот е донесување на нови инвестиции и да се ослободуваат тие простори и да се донесе нешто корисно во градот.

Советничката Виолета С.Станојковска побара објасување бидејќи сите советници не биле присутни на комисијата дали овој прв обид за електронско надавање се однесува за ЕУ и ако е така имало една претходна дискусија дека нема таа да биде предмет на продавање што се сменило во меѓу време за да дојде до отуѓување на овој простор. И како второ

објаснување за кој втор простор се работи дали просторот каде порано била играорната група итн.

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска даде објаснување по однос на двете точки.Раководителката објасни дека просторот на Европската куќа досега не бил ставен на јавна објава сега е за прв пат. Додека за втората одлука во имало досега јавна објава во 2023 година на која не се јавил никој понудувач.

Според советничката Тања Д.Митровска убаво е да се присуствува на комисиите и таму да се даваат предлози и сугестии.

Советникот Влатко Ристовски процедурална забелешка дека не се согласува дека образложение треба да биде дадено само на комисиите туку за сите наши одлуки објаснување треба да има и на совет ако има потреба за да слушнат граѓаните.

Според советничката Тања Д.Митровска треба да оцениме кога ќе им потреба стварно за објаснување на самиот совет се во интрес на сите нас н дека граѓаните не треба да бидат запознаени за работата на советот и на комисиите.

Советникот Александар Рангелов побара објаснување од страна на градоначалникот бидејќи и тој бил присутен на комисијата да не се повторуваат советниците со дискусии.

